ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Управување, одржување и расходување на средствата и предметите во сопственост на единките корисници на буџетските средства

Бранислав Гулев, овластен државен ревизор

м-р Цвета Ристовска, овластен државен ревизор

Скопје, 31 март 2022

Проценување и евидентирање на побарувањата и обврските

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Законска регулатива:

- Закон за буџетите,
- Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници,
- Правилник за сметководството на буџетите и буџетските корисници,
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола,
- Закон за јавните набавки,
- Закон за судовите,
- Судски деловник.

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како до

економично, ефективно, ефикасно, транспарентно управување со средствата односно со побарувањата и обврските на корисници на буџетските средства?

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Што се должни буџетите и буџетските корисници?

- Да водат сметководство по системот на **двојно сметководство**, според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетите и буџетските корисници,
- Да водат **деловни книги** со кои се обезбедуваат согледувања за ***состојбата*** и за ***движењата*** на средствата, обврските, изворите на средствата, приходите, расходите и резултатот од работењето,
- Да составуваат и поднесуваат **финансиски извештаи** во согласност со законите и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствените стандарди кои се применуваат во РСМ - Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор.

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Која е целта?

Точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата од буџетот и другите средства, обврските, изворите на средства, приходите, расходите и резултатите од работењето.

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како да се евидентираат побарувањата и обврските ?

- Сите регистрирани податоци во деловните книги мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки односно **точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.**

- Деловните книги се: дневник, главна книга, книга на благајна (касов извештај), книга на капиталниот имот (основни средства) и помошни книги (аналитичка евиденција): книги на влезни фактури, книги на излезни фактури, книги за набавки, пописни листи (за материјали, ситен инвентар и основни средства) и **книга на побарувањата и обврските.**

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како да се евидентираат побарувањата и обврските ?

- Сметководствената евиденција треба да ги опфати сите сметководствени трансакции и документи кои се однесуваат на:
  - **побарувања** - по основ на извршени услуги и продадени стоки, побарувања за дадени аванси, депозити, побарувања од вработени,
  - **обврски** - по основ на сите превземени обврски по склучени договори, како и законски обврски.

- Внесувањето на податоците за побарувањата и обврските во деловните книги треба да се врши врз основа на уредна, целосна и веродостојна документација.

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како да се евидентираат побарувањата и обврските ?

- **При извршување** на услуги (продажба на стоки) се искажува побарување на сметката 120 со истовремено зголемување на сметката 298, додека при **наплатата на побарувањата** се искажува прилив на паричните средства на сметката и соодветен приход, со истовремено намалување на побарувањата и сметката 298 за износот што е наплатен,

- **При набавка** на стоки и услуги се искажува обврска на сметката 220 со истовремено зголемување на сметката 198, додека **при плаќање на обврската** се искажува одлив на паричните средства на сметката и соодветен расход, со истовремено намалување на обврските и сметката 298 за износот што е платен,

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како да се евидентираат побарувањата и обврските ?

- ***Побарувања:***
  - **Прием на фактура = 120/29**
  - **Плаќање на фактура = 4.. /100**
    = 298/120
- **Обврски:**
  - **Прием на фактура = 198/220**
  - **Плаќање на фактура = 4.. /100**
    = 220/198

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како да се евидентираат побарувањата и обврските ?

- **Евидентирање преку сметките на активните и пасивните временски разграничувања (сметка 198 и 298):**

- Доколку се евидентира само одливот на средствата како **расходи**, или прилив на средствата како **приходи**, тогаш буџетскиот корисник нема точна и навремена информација од кого побарува паричните средства односно нема податоци кон кои добавувачи има обврски за плаќање.

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како да се евидентираат побарувањата и обврските ?

- **На крајот на пресметковниот период:**
  - салдото, состојбата на ненаплатените побарувања на сметка 120 треба да биде еднаква на состојбата на делот од сметката 298 која се однесува на побарувањата,
  - Салдото, состојбата на неплатените обврски на сметката 220 треба да биде еднаква на состојбата на делот од сметката 198 која се однесува на обврски,

- Потреба од аналитичка евиденција за секое побарување одделно

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Раководното лице треба да обезбеди:

- Навремена наплата на побарувањата, благовремено преземање на мерки за нивна наплата, како и навремено плаќање на достасаните обврски.

Зошто?

- Согласно член 360 од Законот за облигационите односи, побарувањата застаруваат **за пет години**, ако со закон не е определен некој друг рок.
- Согласно член 363 од законот, меѓусебните побарувања на договорните страни од договорите во прометот на стоки и услуги, застаруваат **за три години.** Застарувањето тече одвоено за секоја испорака на стоки, извршена работа, услуга.
- Согласно член 364 и 365 од законот, побарувањето на закупнина и надомест на штета, застарува за **три години.**

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Кога **штетата** е причинета со кривично дело, а за кривично гонење е предвиден подолг рок на застареност, барањето за надомест на штета спрема одговорното лице застарува кога ќе измине времето определено за застареност на кривичното гонење.
- За **една година** застаруваат: побарувањето на радиостаница и радио-телевизиска станица за употреба на радио - приемник и телевизиски приемник, побарување на пошта, телеграф и телефон и побарувањето на претплата на повремена публикација,
- Сите побарувања што се утврдени со **правосилна судска одлука** или со одлука на друг надлежен орган, со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат **за десет години**, па и оние за кои законот инаку предвидува пократок рок на застареност.

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Согласно член 21 од Законот, буџетите и буџетските корисници се должни **најмалку еднаш годишно** да вршат усогласување на своите побарувања и обврски со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба која се утврдува на 31 декември со попис.

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Буџетските корисници имаат **обврска со годишниот попис** да ја потврдат состојбата на побарувањата и обврските, при што треба да се утврди:

- **старосната структура** на секое поединечно побарување или обврска,
- дали секое побарување или обврска е утврдено во **точен износ** во сметководствената евиденција,
- дали постои **правен основ,**
- **преземените мерки** од страна на одговорното лице за застарените а ненаплатените побарувања ,
- да се анализираат: **сомнителните, спорните, ненаплатените и застарените побарувања**, дали се евидентирани на посебни аналитички сметки,
- дали побарувањето е обезбедено со **инструмент за плаќање,**
- да се евидентираат одделно **долгорочните од краткорочните обврски,**
- за долгорочните обврски да се провери дали постојат **договори.**

Проценување и евидентирање на побарувања и обврски

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Пример

Пописна листа за побарувања и обврски

Проценување и евидентирање на залихи на материјали

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Предуслови за вреднување и евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар?

- Сметководствени политики за начин и метод на вреднување на залихите (донесување и имплементација),
- Материјална евиденција на залихите,
- Сметководствена/финансиска евиденција на залихите преку сметките од група 36 - Ситен инвентар, (ситен инвентар на залиха и во употреба и исправка на вредноста),
- Усогласеност помеѓу вредноста на залихите и нивните извори,
- Евидентирање на „движењето„ на залихите - набавка, потрошок, со прилог документација (фактура, приемница, испратница, реверс)
- Задолжително спроведување на попис на залихите и нивно усогласување помеѓу фактичката и сметководствената состојба,
- Утврдување на одговорност за констатирани кусоци на залихите.

Проценување и евидентирање на залихи на материјали

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- За да се подигне повисоко **ниво на одговорност** препорачливо е вработените да бидат задолжени лично со **реверси** за ситниот инвентар (и опремата) што ја користат, иако е извршен целосен отпис на ситниот инвентар

- **Реверсите** претставуваат документ со кои лично се задолжени лицата и служат на комисијата за попис за потврдување на сметководствената состојба

- Пописните листи содржат податок за реверсите, лицето кое е задолжено со определена опрема

Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- **Судските депозити** претставуваат полагање на парични средства, благородни метали и други предмети изработени од благородни метали, хартии од вредност, скапоцености и други безготовински предмети, за кои во судска постапка ќе се утврди потреба од нивно депонирање.
- Судските депозити можат да бидат:
  - привремени судски депозити и
  - редовни судски депозити.

- **Гаранцијата** е една од мерките кои можат да се преземат спрема обвинетиот за обезбедување на негово присуство и за непречено водење на кривичната постапка.
- Гаранцијата, по правило, се состои во полагање готови пари, хартии од вредност, скапоцености или други подвижни предмети од поголема вредност што лесно можат да се претворат во пари. По исклучок, може да се состои и во ставање хипотека за износот на гаранцијата на недвижни добра на лицето кое дава гаранција, кои лесно можат да се претворат во пари.

Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Заради евиденција, транспарентност, контрола и безбедност на паричните средства добиени по основ на депозити и гаранции, буџетските корисници во рамки на Трезорската сметка потребно е да ги отворат следните типови на сметки:

  - **696** - депозитна сметка - за примените судски депозити и депонирање на гаранции во ефективни домашни пари
  - **697** - наменска сметка - за уплатените средствата по основ на гаранции, предвидено и со член 150 од Законот за кривичната постапка, во кој е регулирано дека гаранцијата во готови пари треба да се уплаќа на посебна сметка на судот,
  - **девизна сметка** во НБРСМ, за средствата примени во ефективни странски пари (девизни средства).

Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Судот води сметководство на депозитите на начин што обезбедува **увид во состојбата и движењето** на средствата на секој депозит по одделни предмети.
- За примање и издавање на судските депозити од депозитната сметка се води:
  - **Дневник** за привремени и редовни депозити,
  - Картици **по број на предмет** од привремени и редовни депозити,
  - Картици **по депонент** од привремени и редовни депозити,

- Документите и евиденцијата на депозитите се чуваат најмалку 20 години сметано од последниот ден на годината на која се однесуваат.

- *ВАЖНО: Воспоставена евиденција на депозити по предмет и депонент*

Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- **Годишен биланс** - биланс на состојбата на средствата на депозитите и биланс на приходи и расходи, се изготвува на крајот на годината по извршеното годишно заклучување на дневникот и аналитичките картици.
- Претседателот на судот определува комисија од три члена за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите за претходната година.
- Комисијата по извршениот преглед составува писмен извештај кој го поднесува на претседателот на судот.
- Билансот на средствата на депозитите се составува во рокот определен за изготвување на завршната сметка на средствата за редовна дејност.

Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Како се врши надзор над материјално-финансиското работење со средствата на депозитите?

- Претседателот на судот е должен најмалку двапати годишно да изврши **преглед на севкупното финансиско и материјално работење**, заради давање упатства и решенија за нивното отстранување или се преземаат мерки за поведување на постапка и за обезбедување на надоместок за евентуално нанесената материјална штета.
- Претседателот на судот формира Комисија за вршење на попис на примените депозити (скапоцености, предмети)
- Комисијата примените скапоцености ги опишува по парче, квантитет, форма и други особености, на начин со кој се исклучува секаква можност за заменување.
- За примените скапоцености се составува записник во два примероци, од кои едниот се приклучува во соодветниот предмет, а другиот се става во плик заедно со скапоценостите или другите предмети.

Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Буџетските корисници се должни најмалку еднаш годишно да извршат редовен **попис** односно на крајот на годината да ја усогласи состојбата на средствата и обврските по основ на судските депозити заклучно со 31.12 со цел:

- потврдување на основот на депозитите,
- статус на судските депозити - завршени / незавршени и
- старосната структура на депозитите заради:
  - враќање на судскиот депозит или
  - уплата на средствата во Буџетот на РСМ доколку се утврди дека постојат депозити постари од десет години од денот на нивното предавање.

ЦЕЛ: точна, сеопфатна, ажурна, целосна, хронолошка евиденција на судските депозити во судовите во РСМ.

Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Дали сметководство на депозитите во системот АБМС се врши на начин кој обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети?

Согласно Судскиот деловник и Деловникот за работа на судскиот буџетски совет внесувањето и обработката на податоците во врска со материјано финансиското и сметководственото работење во судската власт се врши автоматизирано со користење на соодветна апликација за автоматска обработка на податоците (АБМС).

Констатирани недоследности, кои треба да се надминат:

- АБМС се користи за евидентирање на уплати и исплати од депозитната сметка, **но не се води картица по број на предмет** и **картица по депонент**,
- за евиденција на судските депозити се користи **сметководствен програм**, во кој се води картица по депонент од привремени и редовни депозити, но не се води картица по број на предмет,
- АБМС **се користи на крајот на годината** за евидентирање на завршните книжења по основ на исплати и уплати на депозити за изработка на завршна сметка. Картиците по депонент од привремени и редовни депозити, се водат рачно или во посебен софтвер и не се води картица по број на предмет;

Најчести препораки за подобрување на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Вршење на надзор над спроведувањето на прописите за судските депозити и гаранции и надзор во врска со примената на Судскиот деловник од страна на **Министерството за правда**, со цел контрола и детектирање на проблеми со кои се соочуваат основните судови во РСМ;
- Дефинирање на обрасците за начинот на водење на судските депозити, со цел унифицирање на начинот на водење на евиденцијата на судските депозити во судовите, што ќе обезбеди увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по пооделни предмети;
- Усогласување на законската и подзаконската регулатива во дефинирањето на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на десет години од нивното предавање.
- Континуирано следење и давање предлози за подобрување на АБМС системот (технички, организациски, процедурален), заради унифицирање на податоците кај единките корисници на судската власт;
-

Најчести препораки за подобрување на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- **Претседателите на судовите** да вршење на надзор над материјално финансиското работење со средствата на депозитите и преглед на севкупното финансиско и материјално работење, преку делегирање на надлежности или со формирање на комисии, тела итн;
- Отворањето на сметките (денарска и девизна) за средствата добиени по основ на гаранции, заради целосна евиденција, контрола и безбедност на истите,
- Внесувањето и обработката на податоците да се врши во апликацијата за автоматска обработка на податоците АБМС, со цел точна, сеопфатна, ажурна, целосна и хронолошка евиденција на судските депозити и гаранции;
- Формирање на комисија за вршење на преглед на вкупното работење на средствата за депозити, со што ќе се придонесе за поголема контрола на работењето на средствата со депозитите;
- Водење посебна евиденција за гаранциите, за сите видови на предмети кои се полагаат како гаранции, со цел реална и целосна состојба за гаранциите во основните судови во РСМ,

Најчести препораки за подобрување на процесот на управување со судските депозити и гаранции

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Определувањето на овластен судски службеник за работа со судските депозити и гаранции со цел поголема ефикасност во процесот на управување со судските депозити и гаранции,
- Спроведување на попис на судските депозити со цел утврдување на старосна структура, статусот на предметите завршен/незавршен, со цел покана на депонентите за враќање на судскиот депозит или уплата на средствата по основ на судски депозити во Буџетот на РСМ,

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Ви благодарам на вниманието

контакт:
cveta.ristovska@dzr.gov.mk
инфо: www.dzr.gov.mk